Влада на Република Северна Македонија

Скопје, 22 октомври 2024 година
Бр. 41-10224/7

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, што го утврди на седницата, одржана на 22 октомври 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, а за повереници Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Заменик на претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

Љупчо Димовски

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и

м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини

ПОВЕРЕНИЦИ: Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и

Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини

Предлог на закон
за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство

Скопје, октомври 2024 година

## В О В Е Д

### I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Доделувањето на концесија на добра од општ интерес и договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, правната заштита за секое лице кое има или имало интерес за добивање на таков договор и кое ризикувало или ризикува да биде оштетено во постапката за доделување на таков договор, како и други прашања во врска со концесиите на добра од општ интерес и договорите за воспоставување на јавно приватно партнерство се предмет на уредување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Со предложеното дополнување на законот се дава можност за измена на договорот од страна на Владата, која во име на Република Северна Македонија како концедент, по претходно направена анализа и проценка на економската и функционалната оправданост и по претходна обезбедена согласност од концесионерот, да може да донесе одлука за промена на Одлуката и да склучи анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата.

Со склучувањето на анекс договорот, ќе се создаде можност за искористување на остатокот од средствата за финансирање на проектите од јавен интерес, кои соглано постојната одредба немаат законски основ за искористување и остануваат неизреализирани.

### II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство има за цел доколку се создадат околности што исполнувањето на договорената обврска помеѓу договорните страни за некој дел од договорот за концесија нема да е целисходен односно нема го даде очекуваниот резултат, планираната инвестиција за тој дел од договорот да се искористи за други проекти од јавен интерес, се до целосно искористување на средствата предвидени со одлуката со која се врши промена на намената на дел од средствата.

Предлогот на закон се заснова на истите начела на кои е заснован Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

### III . ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага не повлекува обврска за обезбедување дополнителни средства за неговото спроведување.

### IV .ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на закон не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” број 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 153/19, 261/19, 89/22, 65/23 и 147/24), по членот 41-в се додава нов член 41-г кој гласи:

„Член 41-г

По исклучок од членот 41 став 7 од овој закон, во случај на склучен анекс на договор за промена на намената на дел од средствата согласно член 41-в од овој закон, кога средствата согласно склучениот анекс договор не биле целосно искористени во предвидениот рок поради објективна невозможност односно непредвидени околности за реализирање на тековните проекти од јавен интерес, врз основа на претходно направена анализа на проценка на економската и функционалната оправданост и по претходна обезбедена согласност од концесионерот, Владата на Република Северна Македонија може да донесе одлука за склучување на анекс на договорот за концесија за дореализирање на тековните проекти односно за промена на намената на делот од средствата, кои не биле искористени за инвестирање во објекти од јавен интерес, со цел нивно доискористување за инвестирање во проекти од јавен интерес.

Анализата за проценка на економската и функционалната оправданост од ставот 1 на овој член ја изготвува Владата на Република Северна Македонија.

Во одлуката од ставот 1 на овој член, се утврдува намената на средствата, износот на средствата кои биле потребни за спроведување на анексот на договорот за концесија склучен согласно член 41-в од овој закон, начинот и динамиката на реализацијата на доискористување на средствата кои не биле искористени согласно анексот на договорот за промена на намената на дел од средствата, согласно со правата и обврските на концесионерот и концедентот утврдени со договорот за концесија и анексот на договорот за концесија склучен согласно член 41-в од овој закон.“.

Член 2

Одредбите од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 41-г, кои се однесуваат на можноста за склучување на анекс на договор за договорите за концесија на кои е склучен анекс на договор согласно член 41-в од овој закон, ќе се применуваат три години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Концесионерите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, имаат склучено анекс на договор за концесија согласно со членот 41-в од овој закон, ќе можат да склучат анекс на договор за концесија согласно со одредбите од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 41-г, во рокот утврден во ставот 1 на овој член.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлогот на закон за дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, се врши дорегулација на одредбите во Законот кои се однесуваат на измена на договорот за концесија.

Со членот 1 во новиот член 41- г се уредува можноста за измена на договорот за концесија од страна на Владата како концедент, а по претходна направена анализа на проценка на економската и функционалната оправданост и по претходна обезбедена согласност од концесионерот, да донесе одлука за промена на Одлуката за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата. За таа цел Владата може да донесе одлука со која ќе се утврди намената на средствата, износот на средствата кои биле потребни за спроведување на дел од предметот на концесијата, начинот и динамиката на реализацијата на намената на средствата, согласно со правата и обврските на концесионерот и концедентот утврдени со веќе склучениот анекс на договорот за концесија.

Со членот 2 се пропишува дека можноста за склучување на анекс на договорот за концесија, ќе важи три години од денот на влегување во сила на Законот, во кој период Владата како концедент може да го измени договорот согласно одредбите на Законот.

Во ставот 2 се предвидува концесионерите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, имаат склучено анекс на договор за концесија, да можат да склучат нов анекс на договорот за концесија согласно со одредбите од овој закон во рок од три години.

Со членот 3 од Предлогот се предвидува одредбата за негово влегување во сила.

## II.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат соодветна правна целина.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение се врши дополнување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, со одредби, кои се однесуваат на измена на договорот односно склучување на анекс на договорот за концесија, во случаи кога ќе се создадат околности од кои исполнувањето на договорената обврска помеѓу договорните страни за дел од договорот за концесија нема да е целисходен, односно нема да ги даде очекуваните резултати, да постои можност планираната инвестиција за тој дел од договорот да се искористи за други проекти од јавен интерес, која ќе се финансира со остатокот од неискористените средства предвидени со одлуката со која се врши промена на намената на дел од средствата.